Врз основа на член 191 став 2,3 и 4 од Законот за заштита на децата ("Сл. весник на РМ" 23/13,12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, и "Сл. весник на РСМ" бр. 104/19, 146/19,275/19, 311/20 и 150/22), Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги дава ЈУОДГ „Распеана Младост" Карпош-Скопје, донесена од Советот на Општина Карпош, бр.09-6974/21 од 08.10.2024 година, и член 28 став 1 алинеја 19 од Статутот на ЈУОДГ „Распеана Младост" Карпош-Скопје, Управниот одбор на ЈУОДГ „Распеана Младост" Карпош-Скопје на ден 26.12.2024 година донесе

# П Р А В И Л Н И К

## За утврдување на цените на услугите што ги дава Јавната Установа Општинска Детска Градинка „Распеана Младост" Карпош-Скопје

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се утврдува висината на надоместокот на трошоците за престој во јавната установа за деца што паќа на товар на родителите.

Партиципацијата, како право за заштита на децата, претставува ослободување на дел од цената што паѓа на товар на родителот во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на децата во јавните установи за деца.

## ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ

### Член 2

Висината на надоместокот за престој на децата во јавната установа ќе се утврдува во зависност од услугите што ќе ги користи детето и тоа на следниот начин:

1.Програма за целодневен престој:

- за дете до 6 (шест) годишна возраст .................................................. 2.000,00 денари

2. Престој и исхрана на дете од шест до десет години возраст ............ 2.000,00 денари.

3. Програма за полудневен престој:

- полудневен престој со ужинка ................................................................ 800,00 денари.

**Член 3**

1. Дете на самохран родител ( починат родител мајка, татко, таткото е непознат, родителот на детето е исчезнат односно го има напуштено семејството и не е познато на која адреса живее) е ослободен од плаќање на партиципација за детето кое престојува во градинка.

2. Дете кое припаѓа на семејство кое се корисници на социјална помош, се ослободени од плаќање на партиципација за детето кое престојува во градинка, односно корисник на ГМП.

**Член 4**

Правото за ослободување на родителите од плаќање на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на дете од предучилишна возраст од член 3 став 1 и 2 се обезбедува за самохран родител и родителите кои се корисници на гарантирана минимална помош, а чии деца се згрижени во јавна установа за деца-детска градинка, го остваруваат на следниот начин:
Подносителот на барање – родител/старател за остварување на правото на партиципација од став 1 на член 3, приложува:
- фотокопија од матична книга на починатите (оригиналот на увид), или
- потврда како доказ дека родителот на детето е исчезнат односно го има напуштено семејството и не е познато на која адреса живее.
Подносителот на барање – родител за остварување на правото на партиципација од став 2 на член 3, приложува:
- лична карта на подносителот на барањето на увид,
- фотокопија од извод на матичната книга на родени на детето (оригиналот се доставувана увид),
- потврда од Центарот за социјална работа дека се корисници на гарантирана минимална помош.
- важечка лична карта на подносителот на барањето на увид,
- за докажување на идентитетот, државјанството и постојаното место на живеење во Република Северна Македонија од најмалку 12 месеци не прекинато на територија на Република Северна Македонија, до денот на поднесување на барањето, а ако од личната карта не може да се докаже дека е државјанин на Република Северна Македонија со постојано место на живеење од најмалку 12 месеци непрекинато до денот на поднесување на барањето, доказ од Министерство за внатрешни работи (потврда).

**НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА**

**Член 5**

Од средствата што родителите ги издвојуваат како надоместок на трошоците - јавната установа треба да одвои најмалку 65% за прехранбени производи на децата, а остатокот од 35% се наменети за други материјални трошоци поврзани со престојот и згрижувањето на децата.

Поделбата на средствата за исхрана на децата и средствата за материјални трошоци според секоја пооделно програма ќе се пресметува на следниот начин:

1.Програма за целодневен престој:

- за дете до 6 (шест) годишна возраст сумата од 2.000,00 денари се дели на 1.300,00 денари на прехранбени производи и 700,00 денари за материјални трошоци.

2. Престој и исхрана на дете од шест до десет години возраст сумата од 2.000,00 денари се дели на 1.300,00 денари на прехранбени производи и 700,00 денари за материјални трошоци.

3.Програма за полудневен престој:

- полудневен престој со ужинка сумата од 800,00 денари се дели на 520,00 денари на прехранбени производи и 280,00 денари за материјални трошоци.

**НАЧИН НА ПРЕСМЕТКА НА НАДОМЕСТ ПРИ ОТСУСТВУВАЊЕ**

**Надомест за исхрана**

**Член 6**

Во врска со пресметување и наплатата на надоместокот за време на отсуство на децата од градинката, за деновите на најавено и оправдано отсуство на детето, наплатата се врши така што за пет работни дена отсуство корисникот на услугата-родителот треба да го плати целиот износ за престој, а за секој нареден ден најавено и оправдано отсуство треба да плаќа само материјални трошоци, имајќи ги во предвид месечните и неделните планирања во установата.

**Надомест на материјални трошоци**

**Член 7**

Пресметувањето и наплатата на надоместокот за време на отсуство на детето ќе се врши според програмата која ја посетува детето, па така според видот на програмата од која отсуствува детето ќе се наплаќа на следниот начин:

- за целодневен престој се наплаќа по 33,33 денари дневно,
- за престој и исхрана на дете од шест до десет години возраст се наплаќа по 33,33 денари дневно,
- за полудневен престој со ужинка се наплаќа по 13.3 денари дневно.

**Член 8**

За време на годишните одмори кога објектите на установата неработат, и во други случаеви предизвикани од објективни причини (временски непогоди, зарази, епидемии, и др.) ќе се наплаќаат само материјални трошоци.

**Член 9**

1. Родителите кои носат три и повеќе деца во градинка, плаќаат 50% од висината на надоместокот на трошоците за престој во јавната установа за деца што паѓа на товар на родителите, односно вредноста на партиципацијата ќе се намалува за 50%.

2. Ставот 1 од членот 9 ќе се применува за трето, четвртто итн. дете, само доколку сите деца се корисници на услугите на градинката истовремено.

Овој Правилник стапува во сила со денот на неговото донесување, а ке се применува од 01.01.2025 година.

Претседател на Управен Одбор

Биљана Клетничка